## ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА
### ОД 01.01. - 30.06.2017 ГОДИНА

| Видови договори | | законска казнена камата | | договорна казнена камата | | договорна камата | | кога не е определена стапката | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за обврска во денари | за обврска во девизи | за обврска во денари | за обврска во девизи | за обврска во денари | за обврска во девизи | за обврска во денари | за обврска во девизи |
| - трговски договори и договори помеѓу трговци и лица на јавното право | 01.01-30.06 | 13,75% | 9,632% | најмногу до 20,625% | најмногу до 14,448% | не повисока од 20,625% | не повисока од 14,448% | 6,875% | 4,816% |
| | | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - договори во кои барем едното лице не е трговец односно е физичко лице | 01.01-30.06 | 11,75% | 7,632% | | | не повисока од 11,75% | не повисока од 7,632% | 3,92% | 2,544% |
| | | - | - | | | - | - | - | - |
| - други видови облигациони односи (причинување штета, работодавство без налог, стекнување без основ, еднострани изјави на волја и други облигациони односи утврдени со посебни закони, како што е на пример издршката) | 01.01-30.06 | 11,75% | 7,632% | | | | | | |
| | | - | - | | | | | | |

**Забелешка:** Како лица на јавното право се сметаат лицата кои се обврзани да постапуваат според постапката за јавни набавки, освен трговците.

## ЗАКОНСКА КАЗНЕНА КАМАТА

Согласно **член 266-а** од Законот за облигациони односи ("Службен весник на РМ" бр. 18/01...123/13), законската казнена камата се утврдува кога референтната стапка што ја објавува НБРМ на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, ќе се зголеми за **10 процентни поени** во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за **8 процентни поени** во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Согласно објавата на НБРМ од 30.12.2016 година, референтната стапка за пресметување на казнена камата, за периодот **од 01.01.2017 до 30.06.2017 година изнесува 3,75%.**

Кога паричната обврска е изразена или определена во странска валута, казнената камата се определува за секое полугодие во висина на едно-месечната стапка на Еурибор за евра што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 10 процентни поени во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право, односно зголемена за 8 процентни поени во договорите во кои барем едното лице не е трговец (за граѓани).

Стапката на Еурибор на 29.12.2016 год. е -0,368%.

## ДОГОВОРНА КАЗНЕНА КАМАТА

Во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право може да се договори и повисока стапка од стапката на законската казнена камата што важела на денот на склучување на договорот, но максимум до 50% повисока од утврдената законска казнена камата.

## ДОГОВОРНА КАМАТА

Според **член 388** од Законот за облигациони односи, договорната камата во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право се определува договорно, но не повисока од стапката на законската казнена камата од член 266-а зголемена максимум за 50%. Договорната камата во договорите меѓу лица од кои барем едното не е трговец, не може да биде повисока од стапката на законската казнена камата за соодветната валута што важела на денот на склучувањето на договорот, односно на денот на промената на каматната стапка, ако е договорена променлива каматна стапка.

## КОГА НЕ Е ОПРЕДЕЛЕНА СТАПКАТА

Ако плаќањето на камата е договорено, а не е определена нејзината стапка, во договорите меѓу лицата од кои барем едното не е трговец се применува каматна стапка во висина од 1/3 од стапката на законската казнена камата за соодветната валута, а во трговските договори или договорите меѓу трговци и лицата на јавното право се применува каматна стапка во висина од 1/2 од стапката на законската казнена камата, за соодветната валута.